КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Ноември 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

По месеците на надолно движење, ноември претставуваше најдобриот месец за пазарите на капитал во текот на годината и подолго. Предводени, пред сѐ, од оптимизмот дека централните банки се завршени со политиката на зголемување на каматните стапки, но исто така, во прилог беа и податоците за инфлацијата и невработеноста во САД и ЕУ.

Глобалниот индекс MSCI ACWI оствари раст од 9,07% во изминатиот месец, додека од почетокот на оваа година бележи позитивен принос од 14,70%. Следено по региони, сите регионални индекси забележаа позитивен принос, од кои највисок оствари S&P 500 индексот што ги прикажува американските акции. Тој е доминантен и од почетокот на оваа година со принос кој изнесува 18,97%. Најнизок принос во текот на ноември од долуприкажаните бележи индексот STOXX 600 каде се вклучени европските акции, изнесувајќи 6,45%. Со најнизок принос од почетокот на 2023 година е индексот MSCI Emerging Market што ги опфаќа акциите од брзорастечките економии и изнесува 3,21%.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија –Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на ноември, македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пораст од 2,37% и исто така е со позитивен принос од почетокот на годината со 6,97%. Од акциите кои се негов дел, најголем принос во изминатиот месец оствари Комерцијална банка чија цена порасна за 9,67% и се наоѓа помеѓу највисоките три позиции за оваа година. Најслаб перформанс оствари Македонски Телеком со пад на вредноста на акцијата од –6,16%. Од почетокот на годината, Уни банка има најголем пораст од 28,57%, додека Гранит бележи најголем пад кој изнесува –10,99%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Централните банки ЕЦВ и ФЕД поткрепени од последните податоци за инфлацијата и невработеноста, ги задржаа каматните стапки на истото ниво и со тоа веројатно би се чекал вистинскиот момент за почетокот на нивно кратење. Поради тоа, во поглед на приносот на државните обврзници беше забележано намалување кај сите земји. На крајот од ноември, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница, изнесувајќи 5,88%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,67%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на ноември, најголем пораст во однос на еврото забележа австралискиот долар (AUD) од 1,23%, но сепак, сè уште со помала вредност од почетокот на 2023 година. Од друга страна, негативен принос оствари американскиот долар (USD) кој изнесува –2,88%. Следено од почетокот на годината, највисок принос од 3,89% има остварено швајцарскиот франк (CHF), додека руската рубља (RUB) и јапонскиот јен (JPY) бележат најголеми падови од –19,05% и –13,00%, соодветно.



Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*